# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ПАРОДОНТОЛОГИЈА 1“ ОД ПРОФ. Д-Р АНА МИНОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, СТОМАТОЛОГИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"– ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, како и Одлука бр. 2002-71/23 од 158. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип, одржана на 29.3.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Мирјана Поповска, редовен професор на Катедрата за болести на устата и пародонтот на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, специјалист по болести на устата и пародонтот;
– проф. д-р Кристина Попова, редовен професор на Медицински факултет, отсек Стоматологија при Универзитет во Софија, Р. Бугарија, специјалист по болести на устата и пародонтот,

за резензија на приложениот ракопис „Пародонтологија 1" од проф. д-р Ана Миновска, учебник наменет за студентите на прв циклус додипломска настава на Студиската програма по дентална медицина на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.

По извршениот преглед на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот „Пародонтологија 1" од проф. д-р Ана Миновска е осмислен, организиран и реализиран според наставниот план и програма на предметот Пародонтологија 1 кој се изучува на студиите од првиот циклус на додипломска настава на Студиската програма по дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во деветти семестар со 1+2+1 неделен фонд на часови и 4 кредити.

Ракописот кој е приложен за рецензија претставува комплетен материјал претставен во логичка целина, преку кој студентите ќе имаат можност да ја изучуваат и совладаат предметната материја, според поставените барања на ЕКТС системот. Со негова помош на прилично лесен, брз и едноставен начин ќе ги реализираат потребите од клинички аспект потребни за овој предмет.

**Податоци за обемот на ракописот**

Содржината на ракописот кој е наменет за издавање учебник по предметот Пародонтологија 1 е претставена во текст од вкупно 195 страници, 51 слика и 10 табеларни прикази. Ракописот е приложен во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Georgia и со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на содржината ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов**

Досега на овие простори не постоеше учебник со содржина која ја обработува темата клиничка пародонтологија, наменет за студентите на дентална медицина. Скоро од печат излезе учебникот „Претклиничка пародонтологија“ од истиот автор, наменет за совладување на теоретскиот дел од предметот, во претклиничкиот сегмент. Паралелно со него беше оформен и отпечатен практикум кој студентите веќе го користат за добивање први, но базични искуства од оваа област.

Всушност приложениот ракопис кој се рецензира е резултат на долгогодишно и темелно истражување на обемна стручна и научна литература, но и солидно клиничко познавање и искуство на оваа област на авторот. Постоечката литература наменета за изучување на предметот Пародонтологија на нашите простори е прилично оскудна, се потпира на примена на учебници и учебни помагала од земјите во нашата најблиска околина и пошироко, што на некој начин за студентите претставува дополнителен проблем, тргнувајќи од нивната набавка, цена и секако недоволно познавање на јазикот кој би се одразил на квалитетот на знаењата на генерациите кои се иднината во оваа земја. Досегашните облици на организирање на материјата за овој предмет во пишана форма, презентации или пак прибелешки кои беа масовно користени се недоволни и несоодветни, а покриеноста на областа е делумна.

Затоа, овој учебник кој е вистинска потреба за студентите ќе го олесни совладувањето на тематските единици, а неговите корисници благодарение на концепцијата и содржината ќе ги направат првите чекори во клиничката пародонтологија, совладувајќи ги постепено препреките на патот на патогенезата, епидемиологијата или клиничката манифестација.

Авторката проф. д-р Ана Миновска на едноставен начин, со јасен стил и чиста мисла ја приложува обработената материја која од една страна претставува продолжение на претклиничкиот дел, а од друга страна основа на клиничката пародонтологија, корисно помагало за идните стоматолози, но и вредна литература за веќе постоечките доктори по дентална медицина. Совладувајќи ги патогенетските случувања во пародонтот, авторката полека но сигурно ги воведува читателите и корисниците на овој учебник во комплексните механими на пародонталната болест, насочувајќи ги кон гингивалната афекција посочувајќи ги одбранбените механизми на гингивата и плак индуцираните гингивални заболувања. Секако, главната цел е пародонталната болест, целосно обработена во овој учебник, со посебен осврт кон најчестите компликации на оваа болест.

**Краток опис на содржината**

Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Целокупната материја генерално е распределена во четири поглавја.

Во првото поглавје кое детално е обработено и презентирано на 62 страници со литературниот преглед е опишана патогензата на пародонталната болест. Поглавјето започнува со темелен и прецизен опис на ткивниот одговор- механизми и учесници-клетки и молекули. Авторката прецизно и темелно навлегува во механизмите на одбрана каде што посебно го апострофира неспецифичниот и специфичниот имунолошки одговор. На суптилен начин се разграничени инфламаторно имуните оштетувања на околните ткива при пародонталната болест и молекуларните збиднувања за време на започнување и прогресија на имуноинфламаторните процеси кои доведуваат до оштетувања на ткивата. Посебно место во ова поглавје им припаѓа на хистолошките промени за време на започнување и прогресија на имуноинфламаторните процеси. Авторот ја согледува потребата од опис на почетната иницијална лезија, рана, оформена и напредната лезија, па оттука посебно се осврнува кон нејзините најважни особености и карактеристики.

На крај од ова поглавје авторката завршува со резиме на започнување и прогресија на имуноинфламаторните процеси во пародонталниот комплекс, кој во суштина претставува срж на ова поглавје.

Во второто поглавје*, именувано како Гингивална болест, авторката* започнува со одбранбените механизми на гингивата, за потоа да продолжи со поделба и класификација на гингивалната болест. Во ова поглавје е воведена најновата светска класификација на болеста овозможувајќи им на читателите да се приближат до светските сознанија во оваа област. Користејќи ги најновите литературни податоци исцрпени од најреномирани извори, корисниците на оваа литература ќе успеат да научат нешто повеќе за гингивалната течност, фундаменталниот и одговорен медиум во патогенетските случувања на пародонтопатијата. Ќе успеат да се запознаат со најновите дијагностички методи за собирање течност, клинички биомаркери и нивно значење. Прецизно, во детали, многу вешто, но едноставо и лесно разбирливо се опишани плак индуцираните гингивални заболувања, гингивалните зголемувања, улцеронекрозните и десквамативните гингивити. Плак индуцираните

гингивити и гингивалните зголемувања се обработени многу темелно, со посебен осврт кон улогата на некои фактори во нивната експресија. Високопрофесионално, а сепак лесно прифатливо се претставени медикаментозната, идиопатската, хормоналната, нутритивната хипертрофија. Посебно се обработени системските фактори и нивното влијание врз пародонтот, со посебен осврт кон леукемиите. Во ова поглавје посебно место им припаѓа на содржините кои се однесуваат на гингивалните бенигни тумори, епулис, фибром, папилом и периферен гиганто целуларен гранулом. Преку ова поглавје консументите се запознаваат со првите лезии на пародонтот т.е. гингивитите кои на некој начин се вовед во пародонтопатијата.

Во *третото поглавје* авторката се фокусира на главната тема на овој учебник, пародонталната болест. Многу стручно, вешто и темелно започнува со опис на пародонталниот џеп, како главен симптом на пародонталната болест. Преку описот на мекиот и тврдиот ѕид на пародонталниот џеп го упатува корисникот кон постепено совладување на најесенцијалните случувања при пародонталната болест. Во делот што ѝ припаѓа на коскената деструкција авторката се задржува на сите облици и особености на коскената деструкција. Посебно место му посветува на феноменот на проширување на коскената инфламација, патишта на екстензија на инфламацијата, радиус на дејство и стапка на коскен губиток. Како посебна новина која е внесена во оваа материја во коскената деструкција се булбусните коскени формации, инверзната архитектоника и коскените гребени. Авторката успеала ова битно поглавје да го доближи до читателите. Поглавјето завршува со комплетен осврт кон различните клинички форми на пародонтопатијата. Во овој сегмент на овој учебник авторката ги апострофира хроничната, рефрактерната, улцеронекрозната, агресивната и пародонтопатија последица на системски заболувања. Оваа најнова класификација промовирана во оваа литература ќе ги приближи консументите до светските сознанија, но и ќе ги отвори видиците за сите оние чиј интерес е токму оваа област.

Тематиката во *четвртото поглавје* се системските имплификации на пародонталната болест. Авторката со голема вештина ги поврзува системските болести со пародонтопатијата. Сосема на почетокот се осврнува кон досегашните присутни докази за можната поврзаност на системско ниво. Темелно се објаснети врската на пародонтопатијата со дијабетот, кардиоваскуларните заболувања, мозочниот удар и миокардитот. Во овој сегмент од ракописот може да се пронајде асоцијацијата со респираторните заболувања каде што посебно е обработена хроничната опструкција, акутните респираторни влијанија и сл.

Поглавјето завршува со сумарна анализа на сите досегашни сознанија за поврзаноста помеѓу пародонтопатијата и системските болести.

Осврнувајќи се кон сите сегменти на овој ракопис, впечатокот е дека тој ја постигнал својата главна цел - студентите да ги совладаат основите на клиничката пародонтологија, со цел да ги стекнат неопходните познавања за што полесна комуникација со пациентите во клиничката пракса, но и докторите по дентална медицина може да го користат како помагало со кое постојано ќе ги освежуваат своите знаења и ќе ги надградуваат постојните клинички искуства.

Ракописот од авторката проф. д-р Ана Миновска претставува рационално структуриран сублимиран материјал на една прилично актуелна тема, која на студентите на многу едноставен начин им ги претставува патогенетските и клиничките процеси од оваа многу значајна област од стоматологијата. Всушност, совладувањето на оваа материја е од исклучително значење, бидејќи пародонталната болест е едно од најчестите заболувања во усната празнина, со што идните доктори по дентална медицина често ќе се соочуваат. Дијагностиката ќе биде императив во клиничките прегледи, од која неминовно ќе зависи успехот на третманот.

Во секое поглавје е цитирана литература од понов датум од европско и балканско поднебје.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за учебникот „Пародонтологија 1" од проф. д-р Ана Миновска е целосно адаптиран според наставната материја предвидена во програмата за предметот Пародонтологија 1 за студентите на прв циклус студии на стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Многу вешто, суптилно, концизно, со едноставен јазик и лесен стил авторката се потрудила и успеала да ја презентира материјата на студентите, за што полесно совладување на методските единици. На тој начин студентите постепено ќе навлезат во пародонтологијата, со цел што потемелно да ги изучат поставените задачи. Со преточување на овој ракопис во учебник студентите на стоматологија ќе имаат пред себе вредно помагало, организирано и обработено според најновите светски стандарди, имајќи можност пародонтологијата како наука да ја изучуваат на македонски јазик, што доскоро беше невозможно. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствените основни остварувања на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки ракописот „Пародонтологија 1" од проф. д-р Ана Миновска да биде издаден како учебник за студентите на дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Мирјана Поповска,**
**професор на Стоматолошки факултет во Скопје**
**при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,**
**специјалист по болести на устата и пародонтот, с.р.**
**Проф. д-р Кристина Попова,**
**професор на Стоматолошки факултет во Софија,**
**Бугарија, специјалист по болести на устата и пародонтот, с.р.**